Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 2008 ГОДИНА

Скопје, февруари 2008 година

Согласно член 50 став (6) точка в) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 15.02.2008 година, донесе

Годишна програма за работа на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) за 2008 година

Во Годишната програма за работа на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување се содржани основните активности кои во текот на 2008 година треба да ги изврши Агенцијата, согласно член 47 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Статутот на Агенцијата и други закони.

Поконкретно Агенцијата ќе ги извршува следните работи:

## ***I. Измени и дополнувања на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и други закони***

Агенцијата ќе покрене инцијатива за измена на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување заради унапредување на ситемот и усогласување со други закони.

Агенцијата ќе покрене иницијатива за измена на Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување, односно Законот за евиденциите од областа на трудот и други со цел да се воспостави законска можност Агенцијата преку Агенцијата за вработување или Фондот на ПИОМ да добива податоци за домашни адреси на нововработените лица – задолжителните членови. Исто така, Агенцијата ќе покрене и иницијатива за измена на Законот за привремени вработувања. Ова со цел Агенцијата да ја оствари законската обврска за известување на овие лица и заштита на нивните интереси, како и заради усогласување со Законот за заштита на лични податоци.

## ***II. Подзаконски акти поврзани со Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување***

Поради донесување на Законот за доброволно капитално финасирано пензиско осигурување (трет столб) и измените на Законот за задолжително капитално финасирано пензиско осигурување (втор столб) треба да се изменат постојните подзаконски акти, упатства и инструкции и да се донесат нови. Еден дел од подзаконските акти ќе се однесуваат само на вториот столб, друг дел ќе бидат заеднички и за втор и за трет столб и третиот дел ќе бидат само за трет столб. Во текот на 2008 година Агенцијата треба да ги изготви и донесе следните подзаконски акти, упатства и инструкции:

1. Правилник за начинот и постапката за добивање дозвола за основање на пензиски друштва и одобрение за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд;
2. Правилник за поблиските услови за основање на пензиски друштва;
3. Правилник за начинот и постапката за распределба на осигуреници во задолжителни пензиски фондови и за начинот и постапката на членство во задолжителен пензиски фонд при зачленување по прв пат и за начинот и постапката на премин на член од постоен во иден пензиски фонд;
4. Правилник за начинот и постапката за членство во доброволен пензиски фонд;
5. Правилник за начинот и постапката за маркетинг на задолжителни и доброволни пензиски фондови;
6. Правилник за начинот и постапката за полагање испит за стекнување својство агент и за запишување на лицето во регистарот на агенти;
7. Правилник за уплата на придонеси во доброволен пензиски фонд;
8. Правилник за надоместоци кои се однесуваат на задолжителните пензиски фондови;
9. Правилник за пренос на средства од една на друга индивидуална сметка и од индивидуална потсметка на индивидуална сметка во задолжителен пензиски фонд;
10. Правилник за пренос на средства од еден во друг доброволен пензиски фонд;
11. Правилник за пренос на средствата во случај на инвалидност или смрт на член и времено распределен осигуреник во задолжителен пензиски фонд и пренос на средства на член кој го отповикал утврдениот статус;
12. Правилник за надоместок за премин на членови меѓу пензиски фондови;
13. Правилник за инвестирање на средствата на задолжителните пензиски фондови;
14. Правилник за инвестирање на средствата на доброволните пензиски фондови;
15. Правилник за содржината на документот за инвестициската стратегија;

16. Правилник за избор на домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност;
17. Правилник за проценка на средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови;
18. Правилник за сметковниот план, формата и содржината на основните финансиски извештаи и дополнителните извештаи за задолжителните и доброволните пензиски фондови;
19. Правилник за содржината на одделните сметки во сметковниот план за задолжителните и доброволните пензиски фондови;
20. Правилник за индивидуални сметки на членовите на задолжителен пензиски фонд и за архивирање на документи и евиденција за задолжителен пензиски фонд;
21. Правилник за доброволни индивидуални и професионални сметки на членовите на доброволен пензиски фонд и архивирање на документи и евиденција за доброволен пензиски фонд;
22. Правилник за начинот на одделното водење на евиденцијата за доброволниот пензиски фонд и за задолжителниот пензиски фонд управувани од друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и мерките потребни за финансиско одделување на задолжителниот пензиски фонд од доброволниот пензиски фонд;
23. Правилник за формата и содрижната на извештаите кои чуварот на имот ги доставува до Агенцијата;
24. Правилник за критериумот за рангирање на суб-чуварите на имот;
25. Правилник за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба;
26. Правилник за контрола на пензиските друштва;
27. Акти за имплементација на прекршочна постапка;
28. Правилник за утврдување на методологијата за пресметка на капитал на пензиско друштво;
29. Правилник за формата и содржината на финансиските извештаи на пензиското друштво;
30. Правилник за начинот на известување на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од страна на пензиското друштво;
31. Правилник за постапката за повлекување или укинување на одобрение за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд;
32. Правилник за постапката за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд по повлекување или укинување на одобрението за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд на пензиско друштво;
33. Правилник за начинот на спојување и присоединување на пензиските друштва и пензиските фондови;
34. Правилник за начинот на спојување или присоединување на професионалните пензиски шеми;

35. Правилник за начинот на вршење на повратот на данокот на индивидуалната сметка на член на доброволен пензиски фонд, како и формата и содржината на барањето за поврат на данок;
36. Правилник за видот и начинот на спроведување на обуки од областа на капитално финансирано пензиско осигурување на кои задолжително присуствуваат претставници на пензиските друштва;
37. Правилник за начинот и рокот на враќање на уплатените средства во задолжителен пензиски фонд од Буџетот на Република Македонија;
38. Одлука за максималниот износ на надоместокот од придонеси уплатени во задолжителен пензиски фонд кој го наплатуваат друштвата кои управуваат со задолжителни пензиски фондови за 2008 година;
39. Одлука за максималниот износ на надоместокот од придонеси уплатени во задолжителен пензиски фонд кој го наплатуваат друштвата кои управуваат со задолжителни пензиски фондови за 2009 година;
40. Одлука за утврдување датум на почеток на активности на маркетинг и испитување на јавното мислење за доброволното капитално финансирано пензиско осигурување;
41. Одлука за утврдување на износот на ликвидни средства на друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови;
42. Одлука за утврдување на износот на ликвидни средства на друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови;
43. Одлука за утврдување на износот на ликвидни средства на друштвото за управување со доброволни пензиски фондови;
44. Одлука за максимален процент од капиталот на друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови кој може да се користи за склучување на договори за заеми и кредити и издавање на обврзници;
45. Одлука за максимален процент од капиталот на друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови кој може да се користи за склучување на договори за заеми и кредити и издавање на обврзници;
46. Одлука за максимален процент од капиталот на друштвото за управување со доброволни пензиски фондови кој може да се користи за склучување на договори за заеми и кредити и издавање на обврзници;
47. Одлука за максимален процент на позајмени средства од страна на друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови од име и за сметка на задолжителниот пензиски фонд;
48. Одлука за максимален процент на позајмени средства од страна на друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови од име и за сметка на доброволниот пензиски фонд;
49. Одлука за максималниот износ до кој членот има право единствено на еднократна исплата на вкупниот износ на неговата сметка во доброволен пензиски фонд;
50. Инструкција за содржина на статут на задолжителен и доброволен пензиски фонд;

51. Стручно упатство за постапување по поплаки;
52. Стручно упатство за начинот и постапката на распределба на осигуреници во пензиски фонд;
53. Стручно упатство за начинот на пресметка на задолжителните ликвидни средства;
54. Техничко упатство за дефинирање на формата на податоци и размена на датотеки со пензиски друштва;
55. Кодекс на професионална етика на вработените на Агенцијата при вршење теренска и вонтеренска супервизија.

## *III. Прекршочна комисија*

1) Воспоставување и започнување со работа на Комисијата за одлучување по прекршок на Агенцијата согласно Законот за прекршоци и Предлог-Законот за измени и дополнувања на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Имено, со овој Предлог-закон се воведуваат измени заради усогласување со Законот за прекршоци. Така, за прекршоците утврдени во овој Предлог-закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Комисија за одлучување по прекршок која се формира во Агенцијата како прекршочен орган и во него се содржани одредби за работа на Комисија за одлучување по прекршок, а дадена е и основа за воведување на постапка за порамнување која задолжително треба да се води пред покренување на барање за поведување на прекршочна постапка. Земајќи ги во предвид искуствата на Полска, Словенија и Холандија кои имаат добро развиени пензиски системи кои вклучуваат капитално финансирани пензиски фондови, а согласно можностите во новиот Закон за прекршоци се изврши преоценка на висината на казните кои се наплатуваат на институциите вклучени во реформираниот пензиски систем. Направена е поделба на прекршоците во две групи и за првата група одлучува Комисија за одлучување по прекршок, а за втората група належен суд. Исто така, направена е класификација според висината на казните. Висината на казните е утврдена земајќи го во предвид фактот на задолжителноста на вклучувањето во реформираниот пензиски систем, врз основа на споредби направени со наведените земји и со законите донесени во Република Мекедонија по донесување на Законот за прекршоци. Друштвата за управување со пензиски фондови имаат многу одговорна улога управувајќи средства од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, за што наплатуваат и надомест. Воведување на повисоки казни за прекршок е со цел превентивно да се делува на евентуално незаконско работење, со што ќе се зголеми и одговорноста на друштвата и одговорните лица во друштвата особено кога станува збор за задолжително пензиско осигурување.

## *IV. Деловни процеси*

1) Натамошен развој на деловните процеси на Агенцијата поврзани со фунционирањето на вториот столб (финализирање, ажурирање и унапредување)

   - Следење и унапредување на процесите кои се дел од вонтеренската супервизија на друштвата за управување со пензиски фондови, врз основа на проблемите согледани во пракса или на барање на инволвираните институции како и ажурирање на деловните процеси што вклучува:
     - Финализирање на сите потпроцеси за пренос на средства меѓу Фондот на ПИОМ и друштвата во случај на повеќе уплатен придонес од Фондот на ПИОМ во пензиските фондови;
     - Адаптирање на деловните процеси по однос на потребата од ажурирање на единствените матични броеви на членовите по финализирање на усогласувањата со Фондот на ПИОМ.

   - Анализа и прилагодување на постојните деловни процеси согласно измените на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и подзаконските акти.

   - Унапредување на дизајнот на процесот за теренска супервизија (институционална и финансиска): дефинирање на опфат, изработка на прирачници, процедури и обука на вработените на Агенцијата.

2) Анализа, прилагодување на постојните деловни процеси и креирање нови деловни процеси согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и соодветните подзаконските акти, како што се:
   - Агенти
   - Членство
   - Инвестирање и проценка на средствата
   - Контрола на премин
   - Уплата на придонеси
   - Контрола на надоместоци
   - Контрола на исплата на средства од пензиските фондови

3) Одржување на софтверските решенија на деловните процеси во врска со вториот столб во соработка со софтверска куќа:
   - Тековно одржување и унапредување на софтверските решенија за модулите за деловните процеси од вториот столб.
   - Финализирање и тестирање заедно со инволвираните институции и имплементација на софтверските решенија за следните модули:

- Модул за контрола на сметководството и финансиските извештаи на пензиските фондови и друштвата за управување со пензиски фондови;
- Усогласување на модулите согласно потребите по комплетирање на софтверот на чуварот на имот;
- Модул за членство, адаптирање на модулот заради ажурирање на матичните броеви по усогласување со Фондот на ПИОМ;
- Дополнување на креирањето статистички извештаи.

4) Дизјан на нови процеси или измени во постоечките и комплетирање на техничка документација и изработка на нови софтверски решенија за деловните процеси поврзани со третиот столб.

5) Тековно одржување

- Апликативен кориснички и клиентски софтвер за дигиталното потпишување на xml датотеките за размена со останатите институции
- Вршење неделен бекап на траки
- База на софистицирани статистички извештаи
- Персонален нотификациски систем за информациониот систем на Агенцијата
- Оптимизација на оперативната базата на податоци
- Базата на податоци, на апликацискиот сервер, на оперативните системи и на хардверскиот систем

6) Развивање на план за деловен континуитет на Агенцијата

Планот за деловен континуитет претставува збирка на политики, процедури, протоколи и информации кои се развиваат, дополнуваат и одржуваат во состојба на подготвеност за употреба во случај да се прекине деловниот циклус на институцијата. Планот ги дава чекорите кои Агенцијата треба да ги преземе за брза реакција на продолжување со своето функционирање во случај на ненадеен прекин. Постоењето на овој план, пред да настане несакан прекин на работата од било какви причини, е клучно. Во спротивно, Агенцијата можеби не би била во состојба брзо да реагира за да ги спречи прекините во критичните функции на системот на капитално финансирано пензиско осигурување.

*IV. 1 Информатичко-техничка опременост*

1) Администрирање и одржување на постоечка хардверска опрема составена од серверски машини на кои ќе работи софтверот, персонални компјутери и лаптопи.

2) Набавка, тестирање, инсталација, администрирање и одржување на дополнителна хардверска опрема составена од надградба на серверски машини уреди за бекап на кои работи софтверот

## *V. Лиценцирање на пензиски друштва*

Согласно измените на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и донесувањето на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, се очекува основање на нови пензиски друштва или пререгистрација на постојните пензиски друштва, за што Агенцијата во рамките на своите надлежности ќе прибира барања од заинтересирани лица, ќе ги разгледува и оценува, и ќе носи одлуки за издавање дозволи за основање на пензиски друштва и одобренија за управување на задолжителни и доброволни пензиски фондови.

## *VI. Супервизија на друштвата за управување со пензиски фондови*

Агенцијата ја извршува својата функција преку комбинација на вонтеренска и теренска контрола.

*VI.1 Вонтеренска супервизија*

Агенцијата воспостави систем на автоматска вонтеренска супервизија со кој се дава акцент на проактивната контрола и предвремено спречување на појавување на проблеми, во однос на преземањето на корективни активности по идентификација на грешките и проблемите. Вонтеренската контрола вклучува:

- Контрола на маркетинг на друштвата
- Контрола на агенти на друштвата
- Контрола на зачленувањето во приватните пензиски фондови, редовно дневно
- Контрола на распределбата на придонесите на индивидуалните сметки на членовите во пензиските фондови

- Контрола на надоместоците што ги наплатуваат друштвата за управување со пензиски фондови.
- Контрола на инвестициските активности
- Контрола на проценката на средствата на пензиските фондови.
- Контрола на сметководството и финансиските извештаи на пензиските фондови и друштвата за управување со пензиски фондови
- Контрола на премин меѓу пензиските фондови
- Контрола на исплатата на пензии од пензиските фондови

*VI.2 <u>Теренска супервизија</u>*

Теренската супервизија се спроведува непосредно во работните простории на друштвото за управување со пензиски фондови и посредно во просториите на Агенцијата, преку документи доставени од друштвото и интервјуа со менаџерскиот тим и вработените во друштвото за управување со пензиски фондови.

*V.2.1.* При редовната годишна целосна контрола на друштвата (институционална контрола) ќе се опфати периодот на работење од 01.01.2007 до 31.12. 2007, а предмет на контролата ќе биде следниот:

1) Сметководството и финансиските извешаи на друштвото
2) Капитал и профитабилност на друштвото
3) Средства и инвестиции на друштвото
4) Организациска поставеност на друштвото
5) Ускладеноста со законските прописи и интерните акти на друштвото
6) Човечка и материјална адекватност
7) Работата на Надзорниот и Управниот одбор
8) Услугите кон членовите на пензискиот фонд
9) Агенти
10) Договори со надворешни соработници и даватели на услуги.

Покрај редовната годишна целосна контрола на работењето на друштвата, во рамките на институционалната контрола ќе се спроведат најмногу две редовни контроли на работењето на друштвата во делот на маркетинг активностите - филијалите.

*VI.2.2.* При редовната годишна контрола на работењето на друштвата со средствата на пензиските фондови ќе се опфати периодот на работење од 01.01.2007 до 31.12. 2007, а предмет на контролата ќе биде следниот:

1) Инвестициските активности на друштвото со средствата на пензискиот фонд. (анализи, инвестициски предлози, инвестициски одлуки, почитување на овластувањата за тргување дадени на вработени во друштвото, налози за инвестирање, реализација на налозите и евидентирање на трансакциите)
2) Почитување на обврските кои произлегуваат од договорот за чувар на имот
3) Почитување на забраната за тргување со поврзани лица
4) Давање и земање заеми и гаранции од/за пензискиот фонд
5) Сметководствената евиденција и финансиските извештаи на пензискиот фонд
6) Евиденција на промени и состојба на индивидуалните сметки на членовите на пензискиот фонд.
7) Оценка на системот на интерни контроли и интерна ревизија.

## VII. Активности поврзани со членство

### VII.1 Активности на Работнат група за жалби и поплаки

Агенцијата ќе продолжи со постапување по жалби, поплаки и други поднесоци со цел заштита на интересите на сегашните и идните членови на пензиските фондови. Во рамките на Работната група, Агенцијата постапува по поплаки од: осигуреници, членови на пензиски фонд, агенти, друштва и други лица кои сметаат дека се повредени нивните права. Работната група редовно одржува состаноци на кои предла преземање конкретни активности и мерки. На Работната група се водат постапки за остварување на правата на членовите на пензиските фондови, поединечни активности на друштвата кои не се во согласност со Законот и подзаконските акти; активности на маркетинг на агентите кои се надвор од нивните овластувања и воопшто за повреда на правата и интересите на осигурениците и членовите на пензиските фондови.

### VII.2 Известување на распределени лица

Агенцијата ќе продолжи со известување на лицата кои во законски рок не се определиле за пензиски фонд, за тоа дека се распределени во еден од пензиските фондови и во кој фонд се распределени. На овие лица Агенцијата им препорачува веднаш да ги достават своите лични податоци и контакт информации до друштвото во чиј фонд се распределени, со цел да добиваат редовни информации за нивната индивидуална сметка и други информации кои друштвото ги доставува до своите членови.

### *VII.3 Премин на членови од еден во друг пензиски фонд*

По 1 јануари 2008 година е дозволен премин на членовите од еден во друг задолжителен пензиски фонд и Агенцијата ги презема соодветните активности во врска со преминот на членовите. Овие активности вклучуваат прием на времени договори за членство доставени од друштвата и комуникација со членовите во врска со нивните права и обврски поврзани со преминот меѓу пензиски фондови и со плаќањето на надомест за премин, како и соодветно ажурирање на регистерот на членови.

## *VIII. Организирање на испит за стекнување својство агент*

Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата го спроведува испитот за стекнување својство агент четри пати годишно и врши регистрација на агенти во Регистарот на агенти. Испитните сесии се организираат под услов да постои интерес од страна на друштвата за управување со пензиски фондови за пријавување на кандидати за стекнување својство агент.

Во рамките на оваа активност се предвидува и следното:

1) Ажурирање на програмата за полагање испит за стекнување својство агент согласно измените за Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

2) Ажурирање на програмата за полагање испит за стекнување својство агент согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување

## *IX. Активности поврзани со воведување на функцијата чувар на имот за пензиски фондови*

Согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, функцијата чувар на имот на доброволните пензиски фондови ќе ја извршуваат деловните банки со седиште во Република Македонија. Бидејќи функцијата чувар на имот е нова функција за деловните банки, Агенцијата, во соработка со БЕА проектот на УСАИД, изготви проект за помош на домашните деловни банки при нејзиното имплементирање, кој вклучува обезбедување странска консулантска помош и организирање на презентации за заинтересираните банки.

## X. *Статистички и други анализи*

1) Статистичка анализа на задолжително капитално финансираното пензиско осигурување односно функционирањето на друштвата и пензиските фондови врз основа на статистичкото и аналитичкото известување што подразбира:
- Изготвување и објавување на месечни билтени
- Квартални статистички извештаи и
- Годишен статистички извештај

### *Изготвување на извештаи*

1) Изработка на Извештај за системот на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување
2) Извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2007 година

### *Анализа на трошоците на системот*

1) Изработка на проекции:
   - Придонеси и средства во вториот столб,
   - Проекции на приходите и расходите на Агенцијата и преоценка на надоместокот кој го наплатува Агенцијата
   - Анализа на работењето на друштвата и проекции на приходите и расходите на друштвата со цел определелување на максималниот надомест од придонеси кој го наплатуваат друштвата

### *Анализа на пазарот на капитал*

1) Анализа на пазарот на капитал од аспект на понудата на средствата на пензиските фондови vis-a-vis понудата на финансиски инструменти во кои истите ќе се инвестираат:
   - Работа со странски консултант кој ќе ја изготви анализата врз основа на претходна посета на земјата и истражување на состојбите на финансискиот и пазарот на капитал
   - Работилница на која консултантот ќе ги презентира своите согледување и ќе собере мислења по истите од соодветни инстиутции

- Финален извештај на консултантот во кој ќе биде содржана анализата.

## *XI. Соработка со институции во земјата*

1) Во текот на 2008 година Агенцијата ќе продолжи и ќе ја унапредува соработката со институциите од земјата со кои има потпишано договори за соработка со цел да обезбеди ефикасна супервизија.

2) Потпишување на договори за соработка со:

- Агенција за вработување на Република Македонија
- Дирекција за спречување на перење пари

## *XII. Соработка со институции од странство*

1) Агенцијата ќе продолжи со соработка со институциите од регионот, а веќе се иницирани средби Комисијата за финансиска супервизија на Република Полска, Народна банка на Србија, Агенцијата за финансиски надзор на Унграија, со кои се очекува потпишување на договори за соработка.

2) Учество на двата состанока на Техничкиот комитет и на Годишното Собрание на ИОПС каде Агенцијата има асоцијативно членство од март 2007 година.

## *XIII. Екипираност и обука*

Со буџетот на Агенцијата за 2008 планирани се вкупно 22 вработени вклучувајќи ги директорот и заменик директорот.

1) Во рамките на оспособување на својот кадар Агенцијата и во 2008 година ќе продожли со реализација на планираната обука за вработените во Агенцијата како дел од Планот за обуки, покриен преку заемот на Светска банка- СПИЛ, донаторска помош од БЕА проектот на УСАИД, како и обуки покриени од буџетот на Агенцијата. Предвидената обука ќе се реализира во следниве области:

   - Обука на членовите на Комисијата за одлучување по прекршок согласно Законот за прекршоци, Законот за управна постапка, Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за

задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување

- o Обука на вработените кои вршат котрола на работењето на друштвата за управување со пензиски фондови и пензиските фондови од областа на општата управна постапка
- o Обука на вработените кои вршат котрола на работењето на друштвата за управување со пензиски фондови и пензиските фондови од областа на ревизијата и сметководстбените стандарди
- o Обука од областа на градење на тим
- o Обука од областа на развивање на менаџерски вештини
- o Обука од областа на информатичката технологија во согласност со софтверските и хардверските решенија применети во Агенцијата, а особено од областа на бази на податоци, програмирање, веб програмирање, креирање портали и портлети, администрација на оперативни и хардверски системи, администрација на апликацискиот сервер и сл.
- o Организирање на студиски патувања во супервизорски агенции и институции од областа на капитално финансирано пензиско осигурување од регионот и пошироко, односно во земји каде се практикува капитално финансираното пензиско осигурување.
- o Посета на регионални семинари од областа на пензиските реформи
- o Посета на семинари за меѓународни пазари на капитал, вреднување на средствата на пензиските фондови, сметководство на пензиските фондови
- o Локални семинари за законски решенија од области кои се поврзани или влијаат на работењето на Агенцијата и/или на друштвата за управување со пензиски фондови

## *XIV. __Едукација на јавноста__*

Поради донесување на Законот за доброволно капитално финасирано пензиско осигурување (трет столб) и измените на Законот за задолжително капитално финасирано пензиско осигурување (втор столб), а согласно законските обврски на Агенцијата, во 2008 година ќе се интензивира комуникацијата со јавноста со цел нејзина континуирана едукација од областа на капиталното финансирано пензиско осигурување. Пример: правото на премин на членовите од еден во друг пензиски фонд, личното право на избор на пензиски фонд, институции на системот, воведување на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување и сл.

Активности: интервјуа, изјави и соопштенија за јавноста во пишани и електронски медиуми и редовно ажурирање на веб страната на Агенцијата.

1) ***Измена на Законот за пензиско и иналидско осигурување во делот на лицата со бенефициран стаж. (кој стапи на сила на 28 декември 2007 година.)***

Јавноста треба да биде известена дека со измените на Законот за ПИО на лицата со бенефициран стаж (осигурениците од одбрана, внатрешни работи, казнено-поправни домови и воспитно-поправни домови) на кои не им беше дозволено вклучување во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување (втор столб) поради промената на својството на осигуреник во текот на работниот стаж, им се дозволува еднаш, по сопствен избор да го отповикаат утврдениот статус.

Активности: испраќање на соопштение за јавноста; објавување на веб страната на Агенцијата и www.mojapenzija.com.mk; коминицирање на измената во секое интервју на директорот, испраќање на писмо до сите институции каде работат лица со бенефициран стаж.

2) ***Јавна едукативна кампања на Агенцијата, ФПИОМ и МТСП, поддржана од Светска банка***

Во рамки на јавната едукативна кампања која се спроведува од страна на Агенцијата, Министерството за труд и социјална политика и Фондот на ПИОМ предвидени се следниве активности поделени во 3 фази:

***1 фаза: Правото на премин (“Ако не ти се допаѓа имаш право да го промениш“)***

***2 фаза: Трите столб на пензискиот систем “Иднината на цврсти столбови”***

***3 фаза: “Доброволно капитално финансирано пензиско осигурување”***

3) ***Отчет за работењето на Агенцијата во 2007 година***

Активност: Објава на текст во пишаните медиуми и на веб страната на Агенцијата

4) ***Редизајн на веб страната на Агенцијата***

Активност: ***Конеферниција за печат***

5) ***Измена на Законот за втор столб***

Поради можноста за основање на нови друштва во рамки на вториот столб предвидени се следниве активности:

6) ***Лиценцирање на друштва за трет столб/ пререгистрација на постојните друштва***

7) ***Трет столб***

Промоција на третиот столб во странство пред потенцијалните инвеститори (Бугарија, Холандија, Австрија итн.). Промоциите ќе бидат медиумски покриени (новинари од пишаните и електронските медиуми)

## *XV. Учество на вработебите на Агенцијата во разни тела*

**Усогласување со ЕУ**

- Поткомитет за инклузија
- Работна група за слободно движење на работници
- Работната група за право на основање и слобода на давање на услуги
- Работната група за финансиски услуги
- Работната група за социјална политика и вработување

**Други тела**

- Министерски совет за поддршка на имплементацијата напензиската реформа
- Работна група за поддршка на имплментацијата на пензиската реформа
- Пазарен комитет

## *XVI. Јавни набавки и изготвување на буџет*

1) За потребите на Агенцијата, Секторот за административно-финансиски работи и Правниот сектор ќе спроведат јавни набавки врз основа на претходно усвоен План за јавни набавки, а во согласност со Законот за јавни набавки.

2) Подготовка на буџетот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2009 година. При изготвувањето на буџетот ќе треба да се направат проекции за очекуван прилив на средства од

наплата на надоместок од друштвата за управување со пензиски фондови врз основа на кој ќе се димензионираат потребите за 2009 година.

## *XVII.__Учество во подготовка на закон за исплата на пензии од капитално финансирано пензиско осигурување__*

Рокот за извршување на оваа задача ќе биде утврден во зависност од временскиот распоред на надлежните институции. Се очекува активностите да започнат во месец мај 2008 година и да се одвиваат до крајот на годината во кои Агенцијата ќе земе активно учество.

Бр.01-250/3
15 февруари 2008 година
С к о п ј е

Претседател на Управниот одбор,
Анета Димовска, с.р.